МЦМС

# ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА

2025

# ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА


| | |
|---|---|
| **Издавач** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| **За издавачот** | Александар Кржаловски, Директор |
| **Автор** | Гонце Јаковлеска |
| **Дизајн и подготовка** | Борис Ристовски |

ISBN 978-608-4848-61-5

Скопје, февруари 2025 г.


**Контакт**


МЦМС, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје;

| | |
|---|---|
| Телефон: | +389/2/3065-381; |
| е-пошта: | mcms@mcms.mk |
| Веб-страница: | https://mcms.mk |
| SlideShare: | https://www.slideshare.net/mcms_mk |
| Facebook: | https://www.facebook.com/mcms.mk |
| Linkedin: | https://www.linkedin.com/company/mcms-mcic/ |



Извештајот е подготвен и објавен во рамките на програмата „Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“, финансиски поддржан од Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата – ГЦЕРФ. Програмата ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Нексус – граѓански концепт, Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), Плиадес и Хоризон Цивитас.



Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и не мора да ги одразува погледите на ГЦЕРФ или другите организации кои ја спроведуваат програмата.

**МЦМС**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение. Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# СОДРЖИНА


Методологија и пристап ..... 4

Прашалник ..... 4

Примерок ..... 4

Обработка и прикажување на резултатите ..... 4

Перцепции за безбедноста во државата ..... 5

Заклучоци ..... 20

Перцепции за личната безбедност ..... 22

Заклучоци ..... 31

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници во периодот од 29 април до 13 мај 2024 година.

## Прашалник

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социо-културните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните.

## Примерок

Анкетата беше спроведена од 29.04 до 13.05. 2024 година, на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот, социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници се коментирани збирно како „припадници на другите етнички заедници“.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# Перцепции за безбедноста во државата

Мнозинство од граѓаните (59,8%) сметаат дека безбедноста во земјава е многу или главно загрозена. Жените се позагрижени од мажите па 64,8% од нив сметаат дека безбедноста е многу или главно загрозена, за разлика од мажите каде тој процент изнесува 54,9%.Гледано од аспект на возраста и работниот статус, испитаниците над 65 години и пензионерите се побројни (71,1% односно 70,6%) меѓу оние кои така ја перципираат безбедносната состојба. Разлики во перцепциите можат да се забележат и кај различните етнички заедници па така, нешто на половина од етничките Албанци (52,2%) рекле дека безбедноста е многу или главно загрозена, за разлика од 61,1% од етничките Македонци и 65,9 од другите заедници. Загриженоста за безбедноста опаѓа со зголемувањето на степенот на образование на испитаниците од 67,0% кај оние со незавршено основно образование до 47,2% кај оние со завршено високо образование. Географски гледано, најмалку загрижени се жителите на Полог (47,1%), а најзагрижени оние од Североисточниот регион (92,7%).

*Графикон 1. Перцепции за загрозеноста на општата безбедност*




На прашањето „Колку се согласувате дека следниве активности ќе помогнат да се надмине безбедносната загрозеност?", големо мнозинство од испитаниците потполно се согласуваат или се согласуваат дека секоја од спомeнатите активности може да помогне да се надмине безбедносната загрозеност. Одговорите се движат од 74,0% кај „со поддршката на НАТО" до 91,7% кај „подигнување на стандардот на граѓаните". Иако не се големи разликите помеѓу овој и другите одговори (со исклучок на одговорот „со помош на НАТО" каде разликата е 17,7 процентни поени) сепак се поставува прашањето дали ставањето на стандардот во релација со безбедноста треба да се разбере како индикација дека загрозувањето на безбедноста има економска позадина.

Ако се гледа одговорот кој укажува на силна согласност, односно „потполно се согласувам", може да се забележи дека мнозинска поддршка недостасува само кај

одговорот „со помош на НАТО“ (40,7%). Во овој ранг, најсилна е поддршката за одговорот што нуди „построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните“ (64,0%). Интересно е што граѓаните и дале најголема поддршка на оваа опција која во споредба со другите, најмногу зависи од нив.

*Графикон 2. Согласност за активности кои ќе помогнат да се надмине безбедносната загрозеност*




Што се однесува на влијанието на демографските разлики, тие може да се забележат во поглед на етничката припадност, регионот од кој доаѓаат испитаниците, а во некои случаи се поврзани со работниот статус. Во табела 1 може да се видат одговорите на испитаниците од различна етничка припадност. Меѓу етничките Македонци и етничките Албанци најизразени се разликите на прашањата на јакнење на полицијата (15 процентни поени), армијата (12,2 пп) и примената на мудра дипломатија (11,7 пп) при што, етничките Македонци даваат повеќе поддршка на овие активности.

*Табела 1. Влијание на етничката припадност на одговорите (потполно се согласувам/се согласувам)*

| Активности кои ќе помогнат да се надмине безбедносната загрозеност | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Други етнички заедници |
|---|---|---|---|
| Со помош на НАТО | 76,2 | 67,5 | 77,8 |
| Мудра дипломатија | 88,9 | 77,2 | 88,9 |
| Подигнување на стандардот на граѓаните | 91,6 | 93,2 | 86,7 |
| Вложување во економскиот развој | 86,5 | 92,8 | 82,5 |
| Јакнење на армијата | 89,8 | 77,6 | 82,0 |
| Јакнење на полицијата | 90,5 | 75,5 | 84,0 |
| Си построги закони и поголема дисциплина на граѓаните | 91,8 | 81,0 | 94,9 |

Кога е во прашање регионот во кој живеат испитаниците, од Табелата 2 може да се види дека граѓаните од Вардарскиот регион најмногу, во однос на другите, ги поддржуваат построгите закони и поголемата дисциплина на граѓаните. За разлика од нив, граѓаните на Скопскиот регион имаат најниска поддршка за овие активности и изнесува 83,0%. Кај граѓаните на овие два региони речиси 30 пп е разликата и на одговорот „со помош на НАТО". Што се однесува до јакнењето на полицијата и армијата и мудрата дипломатија најголеми се разликите помеѓу граѓаните на Вардарскиот и Полошкиот регион и тоа за 25,7; 21,10 и 23,6 следствено.

*Табела 2. Влијание на регионот на живеење врз одговорите (потполно се согласувам/се согласувам)*

| | Вардарски | Источен | Југоисточен | Југозападен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Со помош на НАТО | 94,0 | 88,2 | 84,1 | 68,1 | 76,5 | 65,7 | 79,3 | 65,4 |
| Мудра дипломатија | 100 | 92,9 | 91,5 | 83,0 | 93,0 | 76,4 | 86,6 | 81,4 |
| Подигнување на стандардот на граѓаните | 98,8 | 100 | 96,3 | 90,4 | 93,0 | 92,9 | 95,1 | 84,9 |
| Вложување во економскиот развој | 98,8 | 92,9 | 89,0 | 85,1 | 88,7 | 87,1 | 87,8 | 83,6 |
| Јакнење на армијата | 100 | 95,3 | 92,7 | 92,6 | 87,0 | 77,9 | 89,0 | 78,9 |
| Јакнење на полицијата | 100 | 96,5 | 95,1 | 88,3 | 85,2 | 74,3 | 90,2 | 81,8 |
| Со построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните | 100 | 96,5 | 91,5 | 87,2 | 93,9 | 85,7 | 97,6 | 83,0 |

Трите области во кои треба најмногу да се инвестира за да се намали безбедносната загрозеност се јакнењето на институциите (21,8%), вложувањето во луѓето кои се дел од системот на безбедност преку зголемување на плати и набавки на опрема (19,4%) и сите наведени (19,8%) во кои спаѓаат здравството, локалните проблеми, купувањето оружје и животната средина.

За јакнењето на институциите позаинтересирани биле испитаниците над 65 години отколку оние помеѓу 30 и 49 години, за нешто над 13 пп се разликуваат и одговорите на другите етнички заедници од оние на етничките Албанци, односно за 1,5пп од оние на етничките Македонци. За оваа мерка повеќе се залагаат вработените во јавните институции, пензионерите но, и ангажираните во домашни обврски, за разлика од земјоделците кои најретко ја избирале оваа област за инвестирање за да се намали безбедносната загрозеност. Регионално гледано, најголема е разликата (повеќе од двојна) меѓу жителите на Вардарскиот и Полошкиот регион, при што, жителите на првиот почесто и давале предност на јакнењето на институциите отколку нивните сограѓани од Полог.

*Графикон 3. Области во кои треба да се инвестира за да се намали безбедносната загрозеност*




Најголема разлика меѓу мажите и жените има во одговорите за областа „Вложувањето во луѓето кои се дел од системот на безбедност преку зголемување на плати и набавки на опрема“ и изнесува околу 10 пп. Во однос на етничката припадност на испитаниците, етничките Македонци биле позаинтересирани за оваа област во однос на припадниците на другите етнички заедници (14 пп), како и во однос на етничките Албанци (5,4 пп). За оваа област поголем интерес покажале испитаниците со завршено виши и високо образование, вработените во јавните институции и жителите на Вардарскиот регион.

На прашањето „Колку се согласувате дека факторите наведени подолу можат да влијаат на безбедноста?“ мнозинство од испитаниците ги навеле невработеноста и сиромаштијата (57,9%), појавата на локален тероризам и вооружен бунт (52,0%) и меѓуетничките тензии (51,3%). Невработеноста и сиромаштијата, меѓуетничките тензии, и нивото на демократија се речиси изедначени (малку над 85%) ако се комбинираат одговорите потполно се согласувам и се согласувам. Високи се комбинираните одговори за задолженоста на земјата, порастот на политичката поларизација и за појавата на локален тероризам и вооружен бунт (82,1%-80,2%). За нијанса пониски, иако се уште на нивото на големо мнозинство се процентите за одговорите „приватизација на безбедноста“ (74,3%) и „социјални потреси и штрајкови“ (75,0%).

Нема многу демографски разлики во одговорите на прашањето но, може да се забележи дека загриженоста дека социјалните протести и штрајкови можат да влијаат на безбедноста расте со зголемување на возраста на испитаниците од 67,6% кај оние од 18 до 29 години до 80,0% кај оние над 65 години. Потоа, земјоделците (95,8%) се позагрижени од појавата на локален тероризам и вооружен бунт за разлика на пример од невработените (71,3%). Регионално гледано, кај сите одговори, најголеми се вредностите на жителите од Вардарскиот регион за разлика од жителите на Пелагонија кои се најмалку загрижени за порастот на политичката поларизација (27 пп) и за појавата на локален тероризам и вооружен бунт ( 25,5 пп). Жителите на Југозападниот, во однос на

оние од Вардарскиот регион се најмалку загрижени за меѓуетничките тензии (21,1 пп) и социјалните протести и штрајкови (24,8 пп). Одговорите во Вардарскиот и Полошкиот регион се екстреми во одговорите кај нивото на демократија (20,7 пп), задолженоста на земјата (24 пп), приватизацијата на безбедноста (28,6 пп) и невработеноста и сиромаштијата (27,1 пп). Во однос на етничката припадност, разликите се незначителни освен кај задолженоста на земјата каде најголема загриженост имаат другите етнички заедници (87,7%), потоа етничките Македонци (86,0%) и на крај етничките Албанци (69,2%).

*Графикон 4. Согласност за факторите кои можат да влијаат на безбедноста*




Оценките на граѓаните за институциите од областа на безбедноста не се многу поволни. Мнозинство од граѓаните ги оцениле Владата[1], Собранието, Претседателот на државата и Правосудството со 1 или 2 на скала од 1 до 5 каде 1 е лошо, а 5 одлично.

Одличната оценка кај сите институции е многу ретка и се движи од 1,0% кај правосудството до 4,1% кај полицијата. Дури и кога се гледаат заедно резултатите од испитаниците кои на институциите им дале многу добра или одлична оценка, кај ниту една институција не надминува 18%. Најдобро е оценет Центарот за управување со кризи, вкупно 17,7% од испитаниците го оцениле со 4 или 5, а 38,3% го оцениле со 1 или 2. Потоа следуваат Агенцијата за национална безбедност и приватните компании за обезбедување, полицијата и Дирекцијата за заштита и спасување се на четврто, односно петто место итн.

[1] Оценките се однесуваат на претходниот состав на Владата, Собранието, Претседателот и другите институции со оглед на тоа дека истражувањето е направено пред одржувањето на парламентарните и претседателските избори 2024 година.

Гледано низ призмата на демографските карактеристики на испитаниците, може да се забележат разлики кај дел од одговорите поврзани со нивниот пол, етничката припадност, работниот статус и регионот каде што живеат. Така на пример, мажите полошо ја оцениле работата на Собранието во однос на жените, 71,9% од нив го оцениле законодавниот дом со 1 или 2, за разлика од жените кај кои тој процент изнесува 61,6%. Вакви разлики има и за работата на Агенцијата за разузнавање чија работа мажите 45,9% од мажи ја оцениле со 1 или 2 за разлика од жените каде тој процент е 34,3% како и кај правосудство каде разликата во оценките 1 и 2 меѓу мажите и жените е 13,6 пп (70,1% кај мажите и 56,5% кај жените).

Разликите врз основа на етничка припадност се гледаат кај податоците за приватните компании за обезбедување и правосудството. За околу 10 пп се разликуваат одговорите на етничките Македонци и етничките Албанци, односно, првите (19,6%) почесто ги оценувале овие актери со 4 и 5 за разлика од вторите (9,7%). Другите етнички заедници се околу просекот (16,10%). Што се однесува до правосудството, вкупно 67,9% од етничките Македонци ги оцениле правосудните органи со 1 или 2, за разлика од 48,5% од етничките Албанци. Другите етнички заедници се на ниво на просечната оценка односно 63,1%.

Во поглед на работниот статус, земјоделците биле построги кон Претседателот и кон Собранието и 79,2%, односно 83,3% од нив им дале на овие две институции оценки 1 или 2. Земјоделците, заедно со ангажираните во домаќинска работа и дале подобри оценки на полицијата, вкупно 33,3% од првите и 28,9% од вторите ја оцениле полицијата со 4 или 5. Ангажираните во домаќински работи подобро ги оцениле и Агенцијата за национална безбедност (26,3%), Агенцијата за разузнавање (27,4%), Советот за национална безбедност (27,4%), Приватните компании за обезбедување (35,7%), Центарот за управување со кризи (27,4%), правосудството (15,5%).

*Графикон 5. Оценка на институциите од областа на безбедноста*



Регионално гледано, испитаниците од Вардарскиот регион подобро ги оцениле повеќето од институциите од областа на безбедноста односно Претседателот (21,4%), Собранието (20,2%), Владата (17,9%), Агенцијата за национална безбедност-АНБ (29,8%), Агенцијата за разузнавање (27,4%), Советот за национална безбедност (27,4%), Приватните компании за обезбедување (35,7%), Центарот за управување со кризи (27,4%) и Правосудството (15,5%). За разлика од нив, жителите на Североисточниот регион биле построги во оценките и има дале 1 или 2 на полицијата (61,0%), АНБ (57,3%), Агенцијата за разузнавање (56,1%), Приватните компании за обезбедување (57,3%) Центарот за управување со кризи (58,5%), Дирекцијата за заштита и спасување (58,5%) и Правосудството (87,8%).Слични се и оценките на жителите на Југозападниот регион за АНБ (56,4%), Приватните компании за обезбедување (50,0%) и Центарот за управување со кризи (54,3%).

Корупцијата, организираниот криминал, иселувањето во странство и финансиската задолженост ги прави многу загрижени мнозинство од граѓаните на Северна Македонија. Речиси половина од граѓаните се многу загрижени заради злоупотребата на droги, а околу една третина, заради „белата чума", односно депопулацијата на населението. За околу една четвртина од испитаниците голема загриженост предизвикува можноста од надворешна агресија, додека другите ризици, како што се левичарскиот и десничарскиот екстремизам, сепаратистичките тензии и борците-повратници од Сирија и Ирак се причина за голема загриженост на помал процент на граѓани (меѓу 18,4% и 14,7%). Ако се гледаат одговорите на оние кои се многу загрижени и загрижени, бројките се значително повисоки и кај првите неколку ризици надминуваат 80%.

*Графикон 6. Проценка на загриженоста на безбедноста за некои од ризиците*



Етничката припадност влијаела на одговорите на испитаниците за ризиците по безбедноста. Може да се забележи дека етничките Македонци и припадниците на другите етнички заедници се позагрижени за финансиската задолженост, корупцијата, иселувањето во странство, организираниот криминал, злоупотребата на дроги и за „белата чума“ додека етничките Албанци се позагрижени за надворешната агресија, борците од Сирија и Ирак, сепаратистичките тенденции и десничарскиот и левичарскиот екстремизам.

*Табела 3. Влијание на етничката припадност врз одговорите (многу сум загрижен/а / загрижен/а сум)*

| Ризици кои предизвикуваат загриженост за безбедносната загрозеност | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Други етнички заедници |
|---|---|---|---|
| Финансиска задолженост | 87,3 | 71,3 | 93,0 |
| Корупција | 92,2 | 77,2 | 93,2 |
| Иселување во странство | 85,3 | 72,6 | 81,9 |
| Организиран криминал | 89,5 | 74,7 | 91,2 |
| Злоупотреба на дроги | 85,3 | 71,3 | 90,1 |
| Бела чума | 72,8 | 60,8 | 67,2 |
| Сепаратистички тензии | 44,1 | 57,4 | 45,0 |
| Борци повратници од Сирија и Ирак | 46,0 | 60,3 | 42,9 |
| Левичарски екстремизам | 39,5 | 54,9 | 37,4 |
| Десничарски екстремизам | 40,2 | 55,7 | 38,0 |
| Надворешна агресија | 56,9 | 68,8 | 58,7 |

Некои демографски карактеристики исто така влијаеле на одговорите. На пример, ангажираните во домаќински работи се позагрижени за „белата чума“ (84,2%), иселувањето во странство (97,4%), организираниот криминал (94,7%) и злоупотребата на дроги (92,1%). Од друга страна, студентите се најмалку загрижени за „белата чума“ (51,5%) и иселувањето во странство (72,1%).

Регионално гледано, жителите на Пелагонија не се загрижени заради десничарскиот или левичарскиот екстремизам. Вкупно 74,8% од нив рекле дека не се загрижени или воопшто не се загрижени за десничарскиот, а 70,4% за левичарскиот екстремизам. Во Полог, во однос на другите региони помалку се загрижени за злоупотребата на дроги (67,1%), иселувањето во странство (70,0%) и корупцијата (77,9%). Вкупно 100% од жителите на Вардарскиот регион се многу загрижени или загрижени за иселувањето во странство, исто толку за злоупотребата на дроги, 964% заради „белата чума“, а 89,3% заради можноста од надворешна агресија. На испитаниците од Источниот регион загриженост им создава левичарскиот екстремизам (52,9%) и борците повратници од Сирија и Ирак (62,4%). Овие последните, предизвикуваат поголема загриженост и кај жителите на Југозападниот регион (70,2%), како и сепаратистичките тензии (64,9%). Овие тензии ги загрижуваат и жителите на Североисточниот регион (59,8%), како и десничарскиот екстремизам (53,7%).

Нема мнозински одговор на прашањето „**Кого штити македонската полиција**?“. Најчесто избраниот одговор на околу 30% од испитаниците е дека ги штити криминалците кои се во спрега со политичарите и државата. По околу ¼ од испитаниците сметаат дека полицијата ги штити финансиските моќници, односно политичарите кои ги злоупотребуваат државните ресурси. Помалку од 1/5 или 18% сметаат дека полицијата ги штити граѓаните и нивниот имот.

Етничката припадност влијаела на одговорите на ова прашање. Па така, етничките Македонци и припадниците на другите етнички заедници се побројни од етничките Албанци (околу 16, односно 18 пп.) меѓу оние кои сметаат дека полицијата ги штити криминалците кои се во спрега со политичарите и државата и политичарите кои ги злоупотребуваат државните ресурси. Етничките Македонци се побројни (околу 17 пп.) од етничките Албанци и припадниците на другите етнички заедници меѓу оние кои сметаат дека полицијата ги штити финансиските моќници.

*Графикон 7 Перцепции на граѓаните за тоа кого штити македонската полиција*




Мнозинство од испитаниците сметаат дека полицијата нема еднаков третман кон граѓаните со различна етничка, верска, полова, родова, или партиска припадност како и кон оние со различен материјален статус. Во графиконот 8 може да се види дека партиската припадност е најчесто избрана како основа за нееднаков третман (69,8%), а по неа следуваат верата (67,8%) и материјалниот статус (67,4%). Политичката припадност воопшто е перципирана како најчестата форма надискриминација[2]. Ова го покажа последното истражување „Барометар за еднакви можности“ (МЦМС, 2023) според кое 77,0% од испитаниците сметаат дека е многу или прилично честа.

[2] https://mcms.mk/images/docs/2023/Barometar_za_ednakvi_moznosti-MK.pdf

*Графикон 8 Третманот на полицијата кон граѓаните со различно потекло*




Нема разлика во одговорите на мажите и жените, а ниски се и разликите кај различните возрасни групи на испитаници. За некои од основите за нееднаков третман на полицијата може да се забележат разлики кај испитаниците од различна етничка заедница. На пример етничките Албанци се по уверени во еднаквиот третман во однос на етничките Македонци и другите заедници кога е во прашање етничката припадност, полот и материјалниот статус како основа за еднаков третман (види табела 4). Етничката припадност не прави разлика во одговорите за најчестата основа за нееднаков третман, односно партиската припадност.

*Табела 4. Влијание на етничката припадност врз некои од одговорите*

| Третманот на полицијата кон граѓаните со различно потекло | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | | Други етнички заедници | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| Етничка припадност | 28,2 | 67,9 | 60,3 | 37,1 | 33,3 | 63,8 |
| Пол | 33,0 | 62,7 | 53,3 | 37,1 | 33,2 | 65,9 |
| Материјален статус | 25,8 | 71,5 | 42,6 | 54,0 | 30,5 | 67,7 |

Гледано од перспектива на работниот статус, студентите се најстроги во одговорите. Големо мнозинство од нив (77,9%) рекле дека полицијата нема еднаков третман за луѓето од различна етничка припадност, 82,4% го мислат ова за луѓето од различна вера, 67,6% за луѓето од различен пол, 75,0% за оние со различен род и 79,4% за оние со различен материјален статус. Под 10 процентни поени, односно околу 5 пп. е само разликата кај партиската припадност.

Другите поголеми разлики кои може да се забележат, гледано според работниот статус, се кај самовработените од кои 45,1% сметаат дека полицијата еднакво ги третира граѓаните од различен род; кај пензионерите од кои 39,9% рекле дека полицијата еднакво ги третира луѓето од различна вера.Што се однесува до етничката припадност, како основ за (не)еднаков третман од страна на полицијата, најголема е разликата во одговорите на

земјоделците и ангажираните во домаќинска работа. Половина од првите (50,0%) се согласуваат дека граѓаните со различна етничка припадност имаат еднаков третман од полицијата за разлика од вториве од кои 23,7% се согласуваат со тоа. Земјоделците се најбројни меѓу испитаниците (79,2%) кои сметаат дека полицијата не ги третира еднакво граѓаните со различна партиска припадност.

Кај дел одговорите за некои од основите за нееднаков третман може да се види разлика според местото на живеење на испитаниците. На пример, жителите на селата се по уверени во еднаквиот третман кога е во прашање етничката припадност, полот и материјалниот статус. Како што е прикажано во табела 5, разликите се движат од 12 пп. До 16 пп.

*Табела 5. Влијание на местото на живеење врз некои од одговорите*

| Третманот на полицијата кон граѓаните со различно потекло | Село | | Град | |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не |
| Етничка припадност | 45,6 | 48,4 | 29,6 | 68,4 |
| Пол | 45,6 | 47,8 | 33,1 | 63,1 |
| Материјален статус | 37,0 | 59,2 | 25,0 | 72,7 |

И регионално можат да се забележат разлики. Жителите на Североисточниот регион се најмалку уверени во еднаквиот третман на полицијата па така разликите во негативните одговори меѓу нив и просечната вредност (на целиот примерок) се движат од 8,2 пп. кај партиската припадност, 11,9 пп. кај материјалниот статус, 13,9 пп кај верската припадност, 14,1 пп кај родовата припадност, до 22,4 кај етничката и 23,4 пп кај половата припадност. Жителите на Вардарскиот регион најчесто го одбирале негативниот одговор (84,5%) кога е во прашање материјалниот статус. На другата страна, односно оние што почесто (од просекот) одбирале позитивен одговор се жителите на Источниот регион и тоа кога е во прашање родот (44,7%) и партиската припадност (38,8%) и жителите на Полог и тоа кога е во прашање етничката припадност (62,9%) и полот (62,9%), односно тие почесто од просекот сметаат дека полицијата еднакво ги третира граѓаните од различни етнички групи и различен пол.

Мнозинство од испитаниците (54,7%) сметаат дека војската не е способна да ја брани земјата. За разлика од нив, една третина или 33,5% рекле дека е способна. По уверени во способноста на војската се припадниците на етничките Македонци (36,6%) и тие од другите етнички заедници (44,2%), а помалку уверени се етничките Албанци (22,4%).

Гледано од аспект на работниот статус на испитаниците, на способноста на војската повеќе и веруваат пензионерите (42,7%) и ангажираните во домаќинска работа (44,7%), а регионално, жителите на Источниот регион (55,3%). Жителите на Вардарскиот (66,7%) и Полошкиот (65,0%) регион најмалку веруваат во способноста на војската да ја брани земјата.

*Графикон 9 Перцепции за способноста на војската да ја брани земјата*




+

Нема мнозински афирмативен одговор на прашањето за безбедноста на жените во бракот, на работа или на улица. Најмногу потврдни одговори има за безбедноста на жените во бракот, потоа на работа и на крај, на улица.

*Графикон 10 Перцепции за безбедноста на жените*




Иако вообичаено нема разлики во одговорите меѓу мажите и жените, овој пат разлики има и тие се движат од 12,6 пп до 20,3 пп. и прикажани се во табела 6. Мнозинство од мажите (58,3%) сметаат дека жените се безбедни во бракот за разлика од38,0% од жените кои имаат таква перцепција. Мнозински се одговорите на мажите и кај другите две опции, на работа (54,1%) и на улица (51,6%). Иако нема мнозински одговор кај жените, споредувајќи ги сите три состојби, жените најчесто давале позитивен одговор поврзан со безбедноста на работа.

Разлики има и во зависност од етничката припадност на испитаниците. Мнозинство од етничките Македонци (51,0%) и припадниците на другите етнички заедници (53,8%) сметаат дека жените се безбедни на работа. Со оваа перцепција се согласуваат 38,0% од етничките Албанци. Речиси ист е процентот на испитаници кои сметаат дека жените се безбедни во бракот (45,4%) и на улица (45,1%). За разлика од нив, етничките Албанци помалку ги перципираат како безбедни за жените работната средина (38,0%) и улицата (34,2%).

*Табела 6. Влијание на полот и етничката припадност врз некои од одговорите*

| Перцепции за безбедноста на жените: | Мажи | | Жени | | Етнички Македонци | | Етнички Албанци | | Други ет. заедници | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| Во бракот | 58,3 | 37,8 | 38,0 | 57,3 | 45,4 | 50,0 | 57,4 | 39,7 | 51,1 | 43,8 |
| На работа | 54,1 | 43,7 | 41,5 | 55,3 | 51,0 | 46,1 | 38,0 | 60,3 | 53,8 | 41,0 |
| На улица | 51,6 | 46,1 | 33,3 | 63,6 | 45,1 | 52,0 | 34,2 | 64,1 | 46,9 | 48,9 |

Разликите во перцепциите по региони се претставени во Табела 7. Може да се забележи дека жителите на Вардарскиот и Источниот регион дале мнозински афирмативни одговори за сите три опции. Во Вардарскиот регион се највисоки процентите. На пример 59,5% од испитаниците сметаат дека жените се безбедни во бракот за разлика од жителите на Југоисточниот и Североисточниот регион каде тој процент изнесува 24,4%. Големо мнозинство од испитаниците (73,8%) од Вардарскиот регион сметаат дека жените се безбедни на работа за разлика од 28% од Североисточниот регион. Слична е состојбата и со безбедноста на жените на улица за која во Вардарскиот регион потврдно одговориле 60,7% од испитаниците за разлика од 18,3% од оние што живеат во Североисточниот регион.

*Табела 7. Влијание на регионот на живеење врз перцепциите за безбедноста на жените*

| Перцепции за безбедноста на жените: | Во бракот | | На работа | | На улица | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| Вардарски | 59,5 | 40,5 | 73,8 | 26,2 | 60,7 | 39,3 |
| Источен | 57,6 | 40,0 | 69,4 | 28,2 | 55,3 | 41,2 |
| Југоисточен | 24,4 | 74,4 | 32,9 | 65,9 | 26,8 | 72,0 |
| Југозападен | 55,3 | 42,6 | 47,9 | 51,1 | 43,6 | 55,3 |
| Пелагонија | 47,8 | 46,1 | 52,2 | 47,0 | 53,0 | 46,1 |
| Полог | 55,7 | 43,6 | 40,7 | 58,6 | 38,6 | 61,4 |
| Североисточен | 24,4 | 68,3 | 28,0 | 64,6 | 18,3 | 74,4 |
| Скопски | 50,0 | 42,5 | 45,9 | 49,4 | 42,5 | 52,8 |

Разлики можат да се забележат и ако се гледаат податоците низ призмата на работниот статус. Студентите и ангажираните во домаќинска работа имаат слични перцепции, односно пониски проценти кај афирмативните одговори за разлика од самовработените. На пример, 32,4% од студентите и 31,6% од ангажираните во домаќинска работа сметаат дека жените се безбедни во бракот, за разлика од 62,7% од самовработените. Интересно е да се напомне дека вработените во јавните установи имаат мнозински одговори за безбедноста на жените на работното место (58,0%).

Сите афирмативни одговори се мнозински на прашањето поврзано со перцепциите за безбедноста на мажите. Како што е презентирано во графиконот 11, за трите побарани ситуации, најголем број (64,2%) сметаат дека мажите се безбедни во бракот. Овој процент се намалува кај безбедноста на работа на 59,7% и уште повеќе кај безбедноста на улица (54,4%).

Некои разлики во одговорите можат да се видат во зависност од работниот статус на испитаниците па така, повисоки афирмативни одговори за безбедноста на мажите во бракот дале самовработените (74,5%) и земјоделците (79,2%). За разлика од нив за околу 10 пп пониски од просечните се одговорите на невработените. Овде може да се забележи и разлика во одговорите во зависност дали испитаниците живеат во село или во град. Оние од село се по уверени во безбедноста на мажите во бракот (71,1%) за разлика од оние во град (59,7%).

Кај безбедноста на работа може да се забележи разлика во зависност од етничката припадност на испитаниците. Етничките Македонци (63,5%) и припадниците на другите заедници (60,9%) имаат повисоки потврдни одговори за разлика од етничките Албанци (49,8%).

Што се однесува до безбедноста на улица, гледано низ перспектива на работниот статус на испитаниците, самовработените и земјоделците се по уверени во безбедноста на мажите и тоа 64,7%, односно 66,7% одговориле потврдно на прашањето.

*Графикон 11 Перцепции за безбедноста на мажите*




И овде, како и кај прашањето за безбедноста на жените, може да се забележи разлика во одговорите на испитаниците од различни региони на живеење. Како и кај претходното прашање, жителите на Вардарскиот и Источниот регион најчесто давале афирмативни одговори за сите три опции па така, големо мнозинство од 88,1% од испитаниците од Вардарскиот регион рекле дека мажите се безбедни во бракот, а уште повисок е процентот на оние кои рекле дека се безбедни на работа (90,5%). Од друга страна, најниски потврдни одговори за безбедноста во бракот давале жителите на Југоисточниот

(52,4%) и оние од Североисточниот регион (34,1%). Слична е состојбата и кај другите две состојби, па на оние со пониските потврдни одговориза безбедноста на работа од Североисток и Југоисток им се придружуваат и жителите на Полог. Во табела 8 може да се види и дека нема мнозински афирмативни одговори во Југоисток и Североисток ниту за прашањето на безбедноста на улица.

*Табела 8. Влијание на регионот на живеење врз перцепциите за безбедноста на мажите*

| Перцепции за безбедноста на жените: | Во бракот | | На работа | | На улица | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| Вардарски | 88,1 | 11,9 | 90,5 | 9,5 | 72,6 | 27,4 |
| Источен | 85,9 | 12,9 | 87,1 | 11,8 | 77,6 | 27,4 |
| Југоисточен | 52,4 | 45,1 | 47,6 | 51,2 | 35,4 | 63,4 |
| Југозападен | 60,6 | 34,0 | 54,3 | 43,6 | 48,9 | 45,7 |
| Пелагонија | 63,5 | 35,7 | 61,7 | 38,3 | 61,7 | 38,3 |
| Полог | 67,1 | 31,4 | 47,9 | 52,1 | 50,0 | 50,0 |
| Североисточен | 34,1 | 58,5 | 30,5 | 62,2 | 25,6 | 67,1 |
| Скопски | 62,9 | 31,1 | 61,0 | 35,8 | 56,6 | 40,3 |

# Заклучоци

**Мнозинство од граѓаните (59,8%) сметаат дека безбедноста во земјава е многу или главно загрозена**. Меѓу нив, побројни се жените. Загриженоста опаѓа со зголемувањето на степенот на образование од 67,0% кај оние со незавршено основно до 47,2% кај испитаниците со завршено високо образование.

„**Построги закони и поголема дисциплина помеѓу граѓаните** ќе овозможи да се надмине безбедносната загрозеност", со оваа изјава потполно се согласуваат 64,0% од испитаниците. Големо мнозинство од 91,7% потполно се согласни или се согласни дека тоа може да се направи со **подигнувањето на стандардот на граѓаните**.

Двете области во кои треба **најмногу да се инвестира за да се намали безбедносната загрозеност** се **јакнењето на институциите** (21,8%), вложу**вањето во луѓето кои се дел од системот на безбедност** преку зголемување на плати и набавки на опрема (19,4%).

**Невработеноста и сиромаштијата** (57,9%), **појавата на локален тероризам и вооружен бунт** (52,0%) и **меѓуетничките тензии** (51,3%) се **факторите кои можат да влијаат на безбедноста**. Кога се комбинираат одговорите на оние кои потполно се согласуваат или се согласуваат, може да се види висока поддршка и за факторите како што е нивото на демократија, задолженоста на земјата и порастот на политичката поларизација.

**Оценките на граѓаните за институциите од областа на безбедноста не се многу поволни**. Мнозинство од граѓаните ги оцениле Владата[3], Собранието, Претседателот на државата и Правосудството со 1 или 2 на скала од 1 до 5 каде 1 е лошо, а 5 одлично.

**Корупцијата, организираниот криминал, иселувањето во странство и финансиската задолженост ги прави многу загрижени мнозинство од граѓаните** на Северна Македонија. Речиси половина од граѓаните се многу загрижени заради злоупотребата на droги, а околу една третина, заради „белата чума", односно депопулацијата на населението.

Нема мнозински одговор на прашањето „**Кого штити македонската полиција**?". **Околу 30% од испитаниците рекле дека полицијата ги штити криминалците кои се во спрега со политичарите и државата**. По околу ¼ од испитаниците сметаат дека полицијата ги штити финансиските моќници, односно политичарите кои ги злоупотребуваат државните ресурси. **Помалку од 1/5 сметаат дека полицијата ги штити граѓаните и нивниот имот.**

**Мнозинство од испитаниците сметаат дека полицијата нема еднаков третман кон граѓаните** со различна етничка, верска, полова, родова, или партиска припадност како и кон оние со различен материјален статус. **Партиската припадност е најчесто избрана како основа за нееднаков третман (69,8%)**, а по неа следуваат верата (67,8%) и материјалниот статус (67,4%).

---

[3] Оценките се однесуваат на претходниот состав на Владата, Собранието, Претседателот и другите институции со оглед на тоа дека истражувањето е направено пред одржувањето на парламентарните и претседателските избори 2024 година.

**Мнозинство од испитаниците (54,7%) сметаат дека војската не е способна да ја брани земјата**. За разлика од нив, една третина или 33,5% рекле дека е способна.

**Нема мнозински афирмативен одговор на прашањето за безбедноста на жените во бракот, на работа или на улица**. Најмногу потврди одговори има за безбедноста на жените во бракот, потоа на работа и на крај, на улица.

**Сите афирмативни одговори се мнозински на прашањето поврзано со перцепциите за безбедноста на мажите**. Најголем број (64,2%) сметаат дека мажите се безбедни во бракот. Овој процент се намалува кај безбедноста на работа на 59,7% и уште повеќе кај безбедноста на улица (54,4%).

# Перцепции за личната безбедност

Мнозинство од испитаниците (52,7%) рекле дека генерално гледано се чувствуваат безбедно во средината во која живеат и работат. Една десетина не се чувствуваат безбедно, а нешто над една третина рекле дека се чувствуваат ниту безбедно, ниту небезбедно.

Највозрасните испитаници, односно оние над 65 години се најбројни 63,6%) меѓу оние кои се чувствуваат безбедно во средината во која живеат и работат, за разлика од најмладите, односно оние од 18 до 29 години кои најретко (39,6%) го бирале овој одговор. Ова потоа се рефлектира и кај работниот статус на испитаниците кај пензионерите (64,2%) и студентите (36,8%). Покрај нив, и вработените во јавна установа (62,7%) и земјоделците 62,5%) се во линија на размислувањето на пензионерите, за разлика од невработените (38,3%) кои се послични во одговорите на студентите.

*Графикон 12 Перцепции за личната безбедност на граѓаните во средините каде живеат и работат*




Што се однесува до влијанието на етничката припадност на одговорите, може да се забележат разлики па така, етничките Македонци (59,4%) и припадниците на другите етнички заедници (53,8%) се побројни меѓу оние кои се чувствуваат безбедно додека тој процент кај етничките Албанци изнесува 33,3%. Во табелата 9 можат да се видат и другите одговори на кои влијаела етничката припадност на испитаниците.

*Табела 9. Влијание на етничката припадност врз одговорите*

| Перцепции за безбедноста во средината во која живеат и работат: | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Други ет. заедници |
|---|---|---|---|
| Да | 59,4% | 33,3% | 53,8% |
| Ниту безбедно ниту небезбедно | 32,9% | 47,7% | 37,2% |
| Не | 7,6% | 17,3% | 9,0% |
| Не знам/без одговор | 0,1% | 1,7% | 0,0% |

Најголем број од испитаниците (46,2%) сметаат дека тие самите најдобро ќе ја заштитат својата и безбедноста на нивното семејство. Една петтина рекле дека никому не му веруваат, а нешто помалку, односно 19,0% сметаат дека полицијата најдобро ќе ги заштити. Испитаниците ретко ги посочувале пријателите, соседите или армијата и приватните обезбедувања како некој на кој можат да сметаат за нивна или заштита на нивното семејство.

Мажите (51,8%) почесто одговарале дека тие самите најдобро ќе ја заштитат својата и безбедноста на нивното семејство за разлика од жените (40,4%). Ако се гледаат резултатите кај различните возрасни групи може да се види дека испитаниците помеѓу 30 и 49 години се по уверени во сопствената способност да се заштитат себе си и блиските. Таа увереност опаѓа со зголемувањето на возраста од 58,2% кај оние меѓу 40 и 49 години на 43,9% кај оние меѓу 50 и 64 години па до 37,3% кај испитаниците над 65 години. На слично ниво како кај испитаниците над 65 години се и процентите на најмладите, односно оние меѓу 18 и 29 години (39,0%).

Мнозинство од вработените во приватна установа (55,7%), самовработените (58,8%) и жителите на Скопскиот регион (56,3%) најмногу си веруваат себе си кога е во прашање заштитата, додека земјоделците (29,2%) и жителите на Вардарскиот регион (50,0%) се најбројни меѓу оние кои заштитата би и ја препуштиле на полицијата. Околу една третина од студентите (33,8%) и жителите на Североисточниот регион (35,4%) рекле дека никому не му веруваат.

*Графикон 13 Перцепции за тој кој најдобро ќе ја заштити личната и безбедноста на семејствата на граѓаните*




Испитаниците најбезбедно се чувствуваат дома. Тоа чувство се намалува со зголемувањето на опкружувањето. Многу безбедно или безбедно дома се чувствува големо мнозинство (91,2%) од граѓаните, тоа чувство го споделуваат 85,4% од испитаниците кога во прашање е нивната населба, на трето место е градот во кој живеат со 75,3%, па државата со 60,4%.

Нема големи разлики во одговорите кога е во прашање безбедноста на домот и населбата. Некои разлики можат да се видат кај одговорите за безбедноста во градот во кој живеат испитаниците и за државата. Кај двете локации различно одговарале испитаниците со различна етничка заднина. На пример, кога е во прашање градот во кој живеат, етничките Албанци се чувствуваат побезбедно (83,1%) од етничките Македонци (73,6%) и припадниците на другите етнички заедници (36,5%). Слични се споредбите и кога станува збор за чувството за безбедност во државата, етничките Албанци се чувствуваат побезбедно (70,9%) од етничките Македонци (58,1%) и припадниците на другите етнички заедници (28,4%).

Во поглед на работниот статус, самовработените се чувствуваат побезбедно и кога е во прашање градот во кој живеат (92,2%) и кога е во прашање државата (74,5%). За разлика од нив, помалку безбедно се чувствуваат студентите (64,7% во градот и 50,0% во државата) и ангажираните во домаќинска работа (63,2% во градот и 47,4% во државата). И последно, разлики можат да се видат кај испитаниците кои живеат во различни региони. Жителите на Североисточниот регион имаат најнизок одговор за чувството за безбедност (45,1%). Кога е во прашање државата, најбезбедно се чувствуваат жителите на Полог (70,7%), за разлика од нивните сограѓани од Југоисточниот (45,1%) и Североисточниот регион (30,5%).

*Графикон 14 Чувство на безбедност кај граѓаните во опкружувањето*



Околу 30% од граѓаните се чувствуваат безбедно затоа што живеат нормално и го почитуваат законот и редот. Околу една петтина или 22,0% како фактор за чувството за безбедност го препознаваат нивното добро опкружување, а за 11,7% важно е тоа што се способни да се заштитат себе си. Останатите одговори имаат вредности пониски од 10%, па како фактор за чувството на безбедност 8,3% од испитаниците ја препознаваат економската стабилност, а за 6,4% фактор е соживотот во земјата. Кога се во прашање институциите, кај 6,1% влијае локалната полиција и нејзината работа, а придонесот на државните органи и општината се движи од 3.6% до 3,2%.

Прашање: Што влијае на вас да се чувствувате безбедно?

*Графикон 15 Фактори кои влијаат на чувство за безбедност кај граѓаните*




Демографските карактеристики влијаеле на некои од одговорите. Може да се забележи дека единствената позначајна разлика меѓу мажите и жените се појавува во одговорите на изјавата „затоа што сум способен/а да се заштитам себе си", односно жените поретко го избирале овој фактор (12 пп). Слично се чувствуваат и испитаниците над 65 години кои најмалку од сите возрасни групи го избирале овој како и факторот кој се однесува на економската стабилност.

Етничката припадност влијаела во првиот одговор, односно во нормалното живеење и почитувањето на законот и редот. Мнозинска поддршка има кај припадниците на етничките Македонци (51,7%) и оние од другите етнички заедници (57,7%) за разлика од етничките Албанци кај кон поддршката е малцинска (40,1%).

Регионално гледано, жителите на Вардарскиот регион, во однос на другите региони, најмногу ги истакнале факторите кои се однесуваат на почитувањето на законот и редот (53,6%), опкружувањето (66,7%) но, и на работата на полицијата (29,8%) и општината

(17,9%). За жителите на Пелагонија почитувањето на законот и редот исто така има големо (57,4%) значење како и економската стабилност (27,8%). Жителите на Североисточниот регион се најбројни, во однос на другите региони, кога станува збор за способноста да се заштитат себе си (30,5%). Најмала поддршка за доброто опкружување имаат жителите на Североисточниот (26,8%) и Скопскиот регион (24,8%).

Околу 20% од испитаниците не се чувствуваат безбедно заради уличниот криминал и насилство, а околу 15% одговориле дека такво чувство им прави лошата економска состојба и сиромаштија. Меѓу 12,2% и 11,2% се движат одговорите на оние кои рекле дека се чувствуваат небезбедно заради лошата работа на државните органи, нарушениот систем на вредности и зависноста на правосудството. Под 10% се одговорите кои се однесуваат на меѓуетничките односи (8,0%, недостатокот на перспектива (6,7%), партиската поларизација (6,7%) итн. Повратниците од боиштата во Сирија и Ирак (1,7%), екстремно левичарските групи (1,0%) и екстремно десничарските групи (0,9%) се меѓу последните на листата фактори кои влијаат на испитаниците да се чувствуваат небезбедно.

Прашање: Што влијае на вас да не се чувствувате безбедно?

*Графикон 16 Фактори кои влијаат на чувство за небезбедност кај граѓаните*




И овде може да се забележи влијание на демографските карактеристики на дел од одговорите. Гледано од перспектива на возраста, најмладите, оние меѓу 18 и 29 години се најбројни (47,3%) меѓу испитаниците кои заради уличниот криминал и насилството се чувствуваат небезбедно. Ним најмногу, во однос на другите им пречи нарушениот систем на вредности (32,4%) и недостатокот на перспектива (22,0%) за разлика од испитаниците над 65 години кај кои 8,0% го избрале овој одговор.

Етничката припадност влијаела кај три од одговорите и тоа етничките Македонци (29,1%) почесто посочуваат на лошата работа на државните органи и зависноста на правосудството (27,2%) за разлика од етничките Албанци и припадниците на другите етнички заедници чии одговори се 16,9% 15,9% во првиот, односно 14,8% и 17,0% за вториот фактор. И уличниот криминал и насилство повеќе им создава чувство на небезбедност на етничките Македонци (44,8%) и на припадниците на другите етнички заедници (53,9%) за разлика од етничките Албанци (30,0%).

Гледано од перспектива на работниот статус, на земјоделците најмногу им влијае лошата економска состојба (58,3%) и нарушениот систем на вредности (37,5%), додека за студентите (51,5%), вработените во јавните установи (46,7%) и вработените во приватните установи (46,8%) најголем фактор за небезбедност е уличниот криминал и насилството. Студентите се меѓу најзагрижените и за меѓуетничките односи (26,5%), додека за самовработените (23,5%), во однос на другите, најчесто ја избирале партиската поларизација како фактор за небезбедност.

На дел од одговорите влијаело и местото на живеење на испитаниците. Оние кои живеат во град почесто ги избирале факторите: уличен криминал и насилство (45,3%), лоша работа на државните органи (30,6%) и зависност на правосудството (27,8%) за разлика од испитаниците кои живеат во село каде тие проценти се 35,7% за уличниот криминал, 18,5% за работата на државните органи и 17,2% кај факторот поврзан со правосудството.

Регионално гледано, на жителите на Вардарскиот регион, најголем број од факторите влијаат најмногу во однос на другите региони. Мнозинство од нив (57,1%) ја истакнале лошата економска состојба за разлика од 17,9% од жителите на Полог. На мнозинство од жителите од Вардарскиот регион (53,6%) им создава чувство на небезбедност нарушениот систем на вредности за разлика од 18,1% од испитаниците од Југозападниот регион. Мнозинство од жителите на Вардарскиот (59,5%), на Источниот (51,8%) и на Североисточниот регион се загрижени за уличниот криминал и насилство за разлика од 28,7% од жителите на Југозападниот регион. Испитаниците од Вардарскиот регион се најзагрижени и за зависноста во правосудството (42,9%) и за партиската поларизација (34,5%) за разлика од испитаниците од Скопскиот регион кои се најмалку загрижени за овие два фактори, односно 16,4% кај правосудството и 8,2% кај партиската поларизација.

Мнозинство од граѓаните (50,3%) се подготвени да посегнат по насилство за да ја заштитат безбедноста на нивното семејство. Мал е бројот на оние кои рекле дека се подготвени да посегнат по насилство заради нивната политичка партија (4,8%), а незначителен кога се во прашање идеите во кои веруваат (0,9%). Вкупно 40,4% од испитаниците не се согласуваат со ниту еден од ставовите, односно самите не би посегнале по насилство за заштита, партија или идеи.

Прашање: Со кој од долунаведените ставови се согласувате?

*Графикон 17 Согласност со ставови за подготвеност за насилство*




Разлики меѓу мажите и жените можат да се забележат кај подготвеноста да се посегне по насилство заради заштита на семејството. Мажите (59,6%) почесто од жените го избирале овој одговор (40,7%). Ова се рефлектира и на одговорите кај ставот „ниту еден" кој почесто го избирале жените (47,4%) за разлика од мажите (33,7%). Следната демографска разлика е условена од етничкото потекло на испитаниците. Етничките Македонци (52,7%) и припадниците на другите етнички заедници (64,9%) се поподготвени да посегнат по насилство заради семејството, за разлика од етничките Албанци (39,7%). Последниве се побројни кога е во прашање политичката партија (19,8%) за разлика од етничките Македонци (0,1%) или припадниците на другите етнички заедници (0,0%).

Во поглед на работниот статус, големо мнозинство од земјоделците (83,3%) се подготвени на насилство за заштита на семејството за разлика од 39,9% од пензионерите. За овој став почесто од другите изјаснувале жителите на Источниот (67,1%) и на Вардарскиот регион (60,1%) за разлика од оние од Скопскиот регион (39,%).

Мнозинство од испитаниците (59,6%) се подготвени да пријават насилство или кршење на законот. Остатокот од 37,9% имаат неколку аргументи за непријавување: 17,1% велат дека тоа не е нивна работа, 13,7% велат дека не веруваат дека надлежните можат да го решат проблемот, а 7,1% се плашат од последиците.

Прашање: Дали би пријавиле насилство или кршење на законот?

*Графикон 18 Подготвеност за пријавување насилство или кршење на законот*




Кај најмладите испитаници, оние меѓу 18 и 29 години, најниска (46,2%) е подготвеноста да пријават насилство или кршење на законот, а една четвртина од нив рекле дека тоа не е нивна работа. На овие две прашања можат да се забележат разлики и кај испитаниците со различно етничко потекло. Етничките Македонци (67,1%) и припадниците на другите етнички заедници (59,1%) се поподготвени да пријават насилство за разлика од етничките Албанци (37,6%). Нешто над третина од етничките Албанци (36,3%) сметаат дека пријавувањето не е нивна работа за разлика од 11,2% од етничките Македонци и 9,2% од припадниците на другите заедници.

Вработените во јавни установи се поподготвени за пријавување на насилство (69,3%) од другите, особено од невработените (45,5%) и студентите (42,6%). Регионални отстапувања можат да се забележат кај жителите на Пелагонија, кај кои големо мнозинство од 76,5% се подготвени да пријават, за разлика од жителите на Полог, каде тој процент изнесува 44,3%. Во Полог, околу една третина (32,1%) сметаат дека пријавувањето не е нивна работа.

Локално, граѓаните најмногу ги загрижуваат небезбедните патишта и брзото возење (31,0%). На второ и трето место се криминалните пресметки (15,6%) и насилството поврзано со злоупотреба на дроги (15,5%). По врсничкото насилство кое е на четврто место (11,2%), под 5%, следуваат природните непогоди, епидемии и болести, па потоа слободното движење на мигрантите низ градовите и селата, меѓуетничките односи, а сосема на дното на табелата се повратниците од боиштата во Сирија и Ирак (2,0%), екстремно левичарските групи и екстремно десничарските групи, двете под 1%.

Прашање: Кога се има предвид безбедноста што најмногу ве загрижува во вашата локална заедница?

*Графикон 19 Најголеми причини за грижа за безбедноста во локалните заедници*




Загриженоста заради небезбедните патишта и брзото возење расте со зголемувањето на возраста на испитаниците од 22,5% кај оние меѓу 18 и 29 години до 38,2% кај граѓаните над 65 години. Што се однесува до насилството поврзано со злоупотреба на дрога и врсничкото насилство, процентите опаѓаат со зголемувањето на возраста. Кај првите, од 21,4% кај испитаниците меѓу 18 и 29 години до 8,4% кај оние над 65 години, а кај вторите, односно кај врсничкото насилство, опаѓањето е од 16,5% кај испитаниците меѓу 18 и 29 години до 2,2% кај оние над 65 години.

# Заклучоци

Прашани за перцепциите за нивната лична безбедност, мнозинство од испитаниците (52,7%) рекле дека **генерално гледано се чувствуваат безбедно во средината во која живеат и работат.**

**Најголем број од испитаниците (46,2%) сметаат дека тие самите најдобро ќе ја заштитат својата и безбедноста на нивното семејство**. Една петтина рекле дека никому не му веруваат, а нешто помалку, односно 19,0% сметаат дека полицијата најдобро ќе ги заштити

**Граѓаните најбезбедно се чувствуваат дома**. Како се зголемува дистанцата, односно опкружувањето, така се намалува чувството на безбедност од 91,2% (за безбедноста во домот), до 85,4% кога во прашање е нивната населба, па се до 60,4% кога станува збор за државата.

Околу една третина од граѓаните се чувствуваат безбедно **затоа што живеат нормално и го почитуваат законот и редот**. Околу една петтина како фактор за чувството за безбедност го препознаваат нивното **добро опкружување**, а за околу една десетина важно е тоа што **се способни да се заштитат себе си**.

Причината за **чувството за небезбедност за околу 20% од испитаниците е уличниот криминал и насилство**, а околу 15% одговориле дека такво чувство им прави лошата економска состојба и сиромаштија.

**Мнозинство од граѓаните (50,3%) се подготвени да посегнат по насилство за да ја заштитат безбедноста на нивното семејство**. Вкупно 40,4% од испитаниците не се согласуваат со ниту еден од ставовите, односно самите не би посегнале по насилство за заштита, партија или идеи.

**Мнозинство од испитаниците (59,6%) се подготвени да пријават насилство или кршење на законот.** Остатокот од 37,9% имаат неколку аргументи за непријавување: велат дека тоа не е нивна работа, дека не веруваат дека надлежните можат да го решат проблемот, или се плашат од последиците.

**Локално гледано, граѓаните најмногу ги загрижуваат небезбедните патишта и брзото возење** (31,0%). На второ и трето место се криминалните пресметки (15,6%) и насилството поврзано со злоупотреба на дроги (15,5%).